РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - MAKEDONYA CUMHURIYETI
ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУША
MAVROVA VE ROSTUŞA BELEDIYE
Бр.-№ 04-16/3
14.01.2019 год.-yılı
Ростуша-Rostuşa

Врз однова на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен Весник на РМ" број 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 22 од Законот за работни односи /,,Сл. Весник на РМ'' број 62/2005......120/2018), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## број 01/2019
## За прием на работници во работен однос на неопределено време во општинската администрација на Општина Маврово и Ростуше

Општинската администрација на Општина Маврово и Ростуше има потреба од засновање на работен однос на неопределено време за следните работни места во:

Одделението за општи работи и тоа:

1. Назив на работно место: Хигиеничар/ка, ниво А3, шифра УПР 04 05 А03 004, број на извршители – 1 /еден/

2. Назив на работно место – Возач на моторно возило, ниво А3, шифра УПР 04 03 А03 001, број на извршители – 1 /еден/

Општи услови за двете работни места се:
- да е државјанин на РМ
- да е полнолетен
- активно да го користи македонскиот јазик
- да има општа здраствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Посебни услови за 1-во работно место се:
- Најмалку Основно образование
- Работно искуство: со или без работно искуство
- Распоред на работното време: 8,00 часот до 16,оо часот

Посебни услови за 2-ро работно место се:
- Ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку средно образование
- Работно искуство: без работно искуство
- Да има возачка дозвола од Б или Ц или Д категорија

Кандидатите кон Пријавата за засновање на работен однос треба да ја достават следната потребна документција:

- Биографија (CV)
- Диплома за завршено образование, оргинал или заверена на нотар,
- Уверение за државјанство на Република Македонија

- Извод од Историјатот за вработување од Центарот за вработување како доказ за работното искуство /оргинал или заверен на нотар)

Јавниот оглас трае 5 дена од денот на објавувањето во дневен печат, не сметајќи го и денот на објавувањето во дневниот печат.

Изборот од пријавените кандидати ќе се изврши во рок од 7 дена од денот на завршување на јавниот оглас.

Износот на просечната нето плата за работно место од точка 1.Хигиеничар/ка изнесува 12.524,оо денари
Предвиденото вработување согласно Годишниот план за вработување за 2019 година е: Албанец/ка

Износот на просечната нето плата за работно место од точка 2. Возач изнесува 18.028,оо денари.
Предвиденото вработување согласно Годишниот план за вработување за 2019 година е: Македонец/ка

Пријавата за вработување може да се превземе од веб страната на Општина Маврово и Ростуше: www.mavrovoirostuse.gov.mk

Пријавата за вработување треба да содржи:

- Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедницата)
- Кратко мотивационо писмо
- Кратка биографија
- Изјава за исполнување на општите услови за работно место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделено,
- Изјава за исполнување на посебните услови за работно место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно
- Изјава за исполнување на посебните услови за работно место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно
- Изјава за исполнување на други посебните услови за работно место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно

Кандидатите Пријавата со документацијата треба да ја достават до архивата на Општина Маврово и Ростуше или по пошта на адреса: Општина Маврово и Ростуше, 1254 – пошта с. Ростуше, со назнака: за Јавен оглас број 01/2019.

Пријавите што нема да биде поднесени во утврдениот рок и пријавите што нема да ги содржи бараните документи ќе се сметаат како неблаговремени односно некомплетни и истите нема да се разгледуваат.

За Општина Маврово и Ростуше: 042 478-815

Општина Маврово и Ростуше
ГРАДОНАЧЛАНИК
Медат Куртовски